Center for Civic Initiative | Центар за граѓанска иницијатива

# Годишен извештај за 2004 година

ЦГИ како невладина, непартиска и непрофитна организација дејствува во сферата на изградба на граѓанското општество.

Организацијата преку едукација на граѓаните и конкретна акција насочена кон надлежните субјекти во Р. Македонија и кон меѓународната заедница ги мотивира граѓаните да учествуваат во демократските процеси.

Крајната цел на ЦГИ е сите граѓани да имаат еднакви човекови права, да бидат вклучени во процесите на одлучување и да имаат еднаков пристап во образованието.

Работата на ЦГИ се фокусира на следното:

- непартиска едукација за плурализмот и демократијата на младите луѓе преку организирање семинари, летни школи, детски и младински центри и други активности;
- промовирање на човековите права и слободи преку набљудување на локалните и националните избори, работа на проекти, одржување средби, семинари и др.;
- развивање на меѓуетничките и меѓународните односи помеѓу Македонија и нејзините соседи преку конкретни проекти;
- развивање на соработката помеѓу локалниот граѓански сектор и локалната самоуправа низ дијалог, тркалезни маси, семинари и проекти;
- зајакнување на локалниот граѓански сектор низ обуки, семинари, техничка помош, лобирање и проекти;
- развивање на соработката и зајакнување на капацитетите на јавната администрација;
- развивање стратегија за помош на ромската заедница во решавањето на нејзините проблеми.

ЦГИ има свој професионален тим кој вклучува 9 активисти со полно работно време: извршен директор, финансиски администратор, програмски координатор, двајца асистенти на програмскиот координатор, проект-координатор, логистичар, проект-асистент и технички секретар.

ЦГИ своите активности ги остварува преку работа на проекти, а во 2004 година има реализирано вкупно 14 проекти. Проектите се реализирале во рамките на следните сектори во кои работи ЦГИ:

**Граѓанско општество**: „Активни граѓани“, „Поефикасна јавна администрација“, „Поефикасна јавна администрација 2“, „Градење заедничка иднина“, „Можам да ги застапувам сопствените интереси“, „Достоинството пред корупцијата“ (6);

**Човекови права**: „Како да ги научиме децата да се справат со духовите на тешкото минато“, „Информативен сервис“, „Иднината е во образованието“, „Хуманитарна и социјална програма“, „Се може без сѐ, но без здравје не“ (5);

**Демократија**: „Партнерство на заедниците“ (1);

**Развој на локалниот граѓански сектор**: „Институционален развој на ЦГИ“, „Зголемување на капацитетите и одржливост на ЦГИ за поддршка на македонски, на ромски и на албански ЗГ, со цел развој на проекти од областа на здравството“ (2).

## БИЛАНС НА УСПЕХ

за годината завршена на 31 декември 2004

| *Во денари* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 20.744.134 | 11.275.076 |
| Приходи од самофинансирање | 265.812 | 29.985 |
| **Вкупно приходи** | 21.009.946 | 11.305.061 |
| Програмски расходи | 21.009.946 | 11.305.061 |
| **Програмски расходи** | 21.009.946 | 11.305.061 |
| **Вишок за годината (минус)** | 0.00 | 0.00 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

на 31 декември 2004

| *Во денари* | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| Материјални вложувања | 3.588.901 | 1.114.928 |
| **Вкупно постојани средства** | 3.588.901 | 1.114.928 |
| Парични средства и паричен еквивалент | 2.503.448 | 2.829.261 |
| Инвентар | 0.00 | 313.959 |
| **Вкупно тековни средства** | 2.503.448 | 3.143.220 |
| **Вкупна актива** | 6.092.349 | 4.258.148 |
| **Пасива** | | |
| Деловен фонд | 5.838.234 | 1.322.813 |
| **Вкупно деловен фонд** | 5.838.234 | 1.322.813 |
| Обврски | 254.115 | 2.935.335 |
| **Вкупно тековни обврски** | 254.115 | 2.935.335 |
| **Вкупна пасива** | 6.092.349 | 4.258.148 |

*Центарот за граѓанска иницијатива - Прилеп средствата за реализирање на проектите и активностите во 2004 година ги обезбеди од следниве извори:*

„Balkan Trust for Democracy“, програма на „German Marshal Fund“, „SEE – RUN“, Амбасадата на САД во Македонија, Фондацијата Институт отворено општество Македонија - Скопје, Британска амбасада во Скопје, Р. Македонија, Германската фондација "Сеќавање, одговорност и иднина" и Американскиот окружен суд за источната област на Њујорк (Швајцарски банки - договор за обесштетување), Институтот за трајни заедници - Скопје, Македонскиот центар за меѓународна соработка - Скопје, и „Cordaid“ од Холандија.

STUDIO ELB sh.p.k

## 1. Audit Result

Studio ELB sh.p.k has carried out an audit of the attached balance sheet of the Center for Civic Initiative as of 31 December 2004, and the accompanying statement of income for the year then ended. The financial statements are the responsibility of the management of the organisation. Our responsibility is to express an opinion on the financial statements based on our audit.

We conducted our audit in accordance with International Standards on Auditing. The International Standards on Auditing require that we plan and perform the audit to obtain reasonable assurance about whether the financial statements are free of material misstatement. An audit includes examining, on a test basis, evidence supporting the amounts and disclosures in the statement. An audit also includes assessing the accounting principles used and significant estimates made by management, as well as evaluating the overall financial statements'presentation. We believe that our audit provides a reasonable basis for our opinion.

In our opinion, the financial statements referred to above give a true and fair view of the financial position of the Center for Civic Initiative as of 31 December 2004 and of the results of its operations and its cash flows for the year then ended in accordance with International Accounting Standards.

Prilep, 19 March 2005

Studio ELB sh.p.k

STUDIO ELB SH.P.K AUDITING TIRANE

Gezim Bleta
Authorized Chartered Accountant Auditor

Laura Bejta
Auditor



Address:RR."Dervish Hima"Kulla No.2 Tirana, Albania;e-mail: studio_elb@yahoo.com tel./fax +355 4 246138